ВО ЧИФТЕ-АМАМ, ПРИ УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА - СКОПЈЕ

# „Електрична земја“, видео-изложба која нуди нови перспективи

Во изложбените простории на Чифте-амам при Уметничката галерија - Скопје вечерва со почеток во 20.00 часот љубителите на уметноста имаат можност да присуствуваат на отворањето на изложбата насловена „Елекртична земја“. Ова е видео-изложба која како тема ги обработува алтернативните начини на живот и системите на верување. Со овој нов медиум уметниците нудат нови можности на гледање на општествените системи, а при тоа создавајќи нови преспективи за посетителите.

„Електрична земја“ е приказ на одредена гранка на британскиот филм. Во неа учествуваат петнаесет уметници. Овој видео-проект соединува суптилен и

експериментален тип на проекција, брза, напната, кој истовремено е и

предизвик за умот. Оливер Пејн и Ник Релф се дел од авторите на изложбата кои беа наградени со Златен лав во Венеција за најдобри уметници под 35 години. Нивното дело е одраз на урбаната култура и јазот меѓу генерациите кој е автентичен, апстрактен и мошне одблизу набљудуван. Тоа зборува за осаменоста и храброста на младите генерации користејќи универзален јазик.

На отворањето на изложбата почесен гостин ќе биде Марк Бизли, еден од

кураторите на изложбата. Во 13 часот, во галеријата Чифте Амам, тој ќе одржи предавање за македонски уметници и професори кои се занимаваат или се заинтересирани за видео-уметноста.

Изложбата е реализирана од Уметничката галерија, Скопје во соработка со Британскиот совет во Македонија. **И.Д.**




ВЕЧЕРВА ВО МУЗЕЈОТ НА ГРАД СКОПЈЕ



*Ладислав Цветковски пред скопската публика ќе се претстави со компјутерски графики. Мотивот е превземен од секојдневниот живот мемориран како цитати кои ги изразува како знак, боја, рефлексија. Во делата доминира еден кадар кој е стопиран, потенциран и исполнет со интензивниот колорит*



# „Цитати“- лична експресија на Цветковски

Во изложбените простории на Музејот на град Скопје вечерва со почеток во 21.00 часот проф. Димитар Малиданов ќе ја прогласи за отворена самостојната изложба на Ладислав Цветковски. Цветковски пред љубителите на визуелните уметности ќе се претстави со дигитални графики изработени во последниве години, а дел од нив се избор од неговиот магистерски труд одбранет минатата година кај проф. Димитар Малиданов. Изложени ќе бидат 24 графики, а дел од нив ќе бидат дела изработени како графички дизајн, сите изработени во периодот од 2000 до 2004 година.

Ладислав Цветковски за изложбата поставена во Музејот на град Скопје вели:

-На оваа изложба ќе се претставам со дигитални графики изработени од 2000 до 2004 госинам, тоа се дела од мојот магистерски труд, а има и нови графики. Дел од нив се од графички дизајн, но се тесно поврзани со мојот ликовен израз.

Цветковски вели дека за прв пат со дигитални графики се претставил на самостојната изложба одржана 2002 година во Крањ, Словенија во Галеријата „Дом“.

- Изложбата во Крањ беше мошне позитивно прифатена од критичарите и од историчарите на уметност. Во склоп на мојот магистерски труд во Музејот на Современата уметност минатата година одржав предавање и изложба, но тоа беше повеќе предавање каде зборував за графиката, за импликациите на дигиталните графики, за графкиката како домен кој навлегува во графичката индустрија и во уметности. Цветковски додава дека тоа не значи негирање на традиционалните техники, туку нова техника на ликовен израз.

- Да, тоа не значи негирање на традиционалните ликовни техники, туку претставува нова техника и технологија во која еден уметник може да се изрази. Оваа изложба е надоврзување на она што го работев претходно: работев во сува игла, аква тинта, пастели. Мојот ликовен израз е останат ист, само ја сменив техниката. Ги ползувам новите можности на техниката за моја лична експресија. Ова е мое прво големо претставување пред македонската јавност. Во изминатиот период повеќе бев експониран како графички дизајнер.



Цветковски вели дека инспирацијата што како нишка која се провлекува низ неговите дела потекнува од она што секојдневно му се случува нему и на луѓето околу него.

- Метафорично кажано овие дела се некакви „Цитати“ или пак смрзнати слики што некогаш сум ги доживеал, а тие пак ги пренесувам во графиката. Останува на оние што го воспримат делото да ме разберат или не. Мене можеби најбитен ми е дијалогот со публиката. - заврши Цветковски

Изложбата ја следи каталог со текст на Марика Бочварова - Плавевска, историчар на уметнист која за уметноста на Цветковски вели: „Оваа серија на графики, настанати во периодот од 2000 - 2004 година, покажува дека техниката не го ништи авторовиот индивидуален изразен импулс и дека во неговите симболи - знаци е впиена спознајната моќ на сопствената епоха. Тој, како што вели самиот, е опседнат со она што секојдневно го опкружува, постојани контакти со луѓе, со сегментирани информации, контакти со другите уметности. Цветковски овие случки ги меморира како цитати за подоцна да го одрази како знак, боја, рефлексија. Всушност обично доминира еден кадар кој може да се протолкува и како стопиран, замрзнат кадар од некоја графичка игра која што најчесто се повторува за да се постигне динамичен ритам, потенциран и со интензивниот колорит“.

Ладислав Цветковски е роден во 1965 година во Скопје. На Факултетот за ликовни уметности во Скопје дипломирал во 1990 година на одделот за графика и графички дизајн во класата на проф. Димитар Малиданов, а во 2003 година кај истиот професор магистрирал. По завршувањето на Факултетот негов интерес покрај ликовната уметност е и графичкиот дизајн. Активно соработува со Кинотеката на Македонија, Музејот на современата уметност во Скопје, Музејот на град Скопје, Уметничка галерија, МАНУ и многу други институции од областа на културата во Македонија. Во својата досегашна уметничка кариера има остварено неколку самостојни изложби, а учествувал на повеќе групни излагања. Во моментов работи во студиото за дизајн „Скенпоинт“.

Ивона **ДИМОВ**

НАРОДЕН ТЕАТАР „ЈОРДАН Х. К. ЏИНОТ“, ВЕЛЕС

## Со „Брачни понуди“ на театарски фестивал во Русија

Претставата на Народниот театар „Јордан Х. К. Џинот“ од Велес, „Брачни понуди“ од Чехов, а во режија на Младен Крстевски и Јордан Витанов, утре ќе настапи во официјалната конкуренција на Меѓународниот театарски фестивал „Руска класика“ во Лобња, Русија. Овој фестивал се одржува по повод одбележувањето на стогодишнината од смртта на најголемиот руски писател Антон Павлович Чехов.

„Брачни понуди“ е заедничко име за двете комедии вклопени во една претстава „Мечка“ и „Просидба“. Она што нив ги поврзува е судирот на различните погледи и типови на животно однесување, при што формата на таквото спротивставување е еднаква на скандал и општ хаос. Чехов промовира многуслојни спротивставувања, разновидни претставувања на закоравени форми на односи и разбирање на животот. Неговите херои се обични едноставни луѓе, тој ги разоткрива нивните секојдневни грешки, стапици, лаги и измами. Тоа дава можност да се согледаат основните промени кои се одвиваат во сознанието како на тогашното, така и на сегашното време. Улогите ги толкуваат:Слободанка Чичевска, Јордан Витанов, Александар Ѓеоргиев, Весна Димитровска, Младен Крстевски и Љубе Терзијев. Сценографијата е на Илија Настов, костимите на Јулија Ангеловска, а музиката на Кирил Вангелов. **А. Ј.**

ИЗЛОЖБА ВО КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВНИОТ ЦЕНТАР ВО СКОПЈЕ

## Ликовни уметници – аматери по 43. пат

Цвета Стојанова, Марта Шиндал и Сузана Арсовска се добитнички на наградата за сликарство, а Фадил Латифовиќ е добитник на наградата за скулптура, сите овие како најуспешни ликовни остварувања се наградени на манифестацијата ликовни уметници – аматери во Македонија. Традиционалната изложба која оваа година се одржува по 43 пат свечено ќе биде отворена вечерва со почеток во 20.30 часот во Салонот 2 при Културно –информативниот центар во Скопје.

Пред скопската публика ќе бидат презентирани 24 дела од исто толку автори. Застапени ќе бидат ликовните дисциплини сликарство и скулптура, а од сликарските техники: масло, пастел, гваж, колаж, акварел. **И.Д.**